# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

7 мај 2010 | Излегува по потреба | Година V | број 6



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Стратегија за управување со ризици на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Стратегија за управување со ризици на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/1**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за Локална Самоуправа ("Сл.весник на Р.М" бр 5/02), член 15 став 2 од Законот за јавна внатрешна контрола ("Сл.весник на Р.М"бр.90/09), Правилникот за основните елементи за финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола на јавниот сектор ("Сл.весник на Р.М" бр.130/07) и член 151 став 2 од Деловникот за Советот на Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 29.04.2010 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За донесување на Стратегија за управување со ризици

### Член 1

Се донесува Стратегијата за управување со ризици, изготвена од работната група составена од консултант и координатор на процесот од СНВ-холандска развојна организација, и членови на општинската администрација на Општина Гази Баба .

### Член 2

Стратегијата се донесува за период од 2010-2013 година со цел да се овозможи на раководните државни службеници на општинската администрација и нејзините вработени, во насока на подобрување на работењето и способноста за соодветно концептирање на сопствената деловна политика.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07-2264/3**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/2**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), во врска со член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, разгледувајќи го предлог - извештајот за реализација на програмата за тековно одржување на училиштата во Општина Гази Баба, на својата шеснаесетта седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на извештајот**
**за реализација на програмата**
**за тековно одржување**
**на училиштата во Општина Гази Баба**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба, го усвојува извештајот за реализација на програмата за тековно одржување на училиштата во Општина Гази Баба.

**Член 2**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/4**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" за 2009 година, донесена од Управниот одбор, под број 02-46/3 од 31.03.2010 година**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" за 2009 година, донесена од Управниот одбор, под број 02-46/3 од 31.03.2010 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/3**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на својата шеснаесетта седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈКП ''Гази Баба-2007'', усвоена со Одлука на управниот одбор, под број 02-46/3 од 31.03.2010 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈКП ''Гази Баба-2007'', усвоена со Одлука на управниот одбор, под број 02-46/3 од 31.03.2010 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/6**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за давање согласност на статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУГД "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба -Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУГД "ДЕТСКА РАДОСТ" -Општина Гази Баба -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/4**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.83/09) и член 193 став 1 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на својата шеснаесетта седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУДГ ''Детска радост'' Општина Гази Баба - Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУДГ "Детска радост" Општина Гази Баба - Скопје, донесена од Управниот одбор на јавната установа, заведена под број 02-220/2 од 16.03.2010 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/5**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/5**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр.42/2010) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на својата шрснаесетта седница одржана на ден 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Во одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, број 07-1377/5 од 12.03.2010 година ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/2010), во членот 3, бројот "84%" се заменува со бројот "70%".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе се применува од 01.04.2010 година.

**Број 07-2264/7**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населено место Булачани**

1. Се објавува Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населено место Булачани, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/6**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) член 46 од Закон за снабдување со вода за пиење( ("Сл.весник на РМ" бр.68/04) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Булачани**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат условите и начините за снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење и изградбата,одржувањето, заштитата и приклучувањето на водоводниот систем за водоснабдување, како и надзор над спроведување на оваа одлука.

**Член 2**

Општината Гази Баба е одговорна за законското користење и располагање со водоснабдителниот систем, како и за објектите, уредите и постројките кои што се во негов состав.

**Член 3**

Се предава на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Булачани, на давателот на услугата ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' , во понатамошниот текст - давател на услугата.

**Член 4**

Давателот на услугата врши:
- трајно и непрекинато снабдување со вода за пиење, со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем; и
- управување и одржување на водоснабдителниот систем.

**Член 5**

Давателот на услугите обезбедува:
- заштита и подобрување на водоснабдителниот систем и одржување и подобрување на неговото техничко-технолошко и економско единство;
- ефикасно, трајно, уредно и континуирано задоволување на потребите на корисниците на услугите со вода за пиење;
- обезбедување на квалитетот на водата за пиење, согласно законските нормативи и стандарди, и континуирано врши испитување на здравствената исправност;
- применување на принципите на покривање на реалните трошоци во работењето и пристапност/достапност на цената на услугата;
- усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
- функционална поврзаност со водостопанскиот систем на другите водоснабдителни системи, и
- заштита на потрошувачите

**Член 6**

Давателот на услугата, преку органите на управување, утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем.

**Член 7**

Согласност на висината на надоместокот за приклучување од член 6 на оваа одлука, дава основачот Општина Гази Баба.

**Член 8**

За се што не е регулирано со оваа одлука ќе се применуваат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/8**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населено место Раштак**

1. Се објавува Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населено место Раштак, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/7**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) член 46 од Закон за снабдување со вода за пиење( ("Сл.весник на РМ" бр.68/04) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Раштак**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат условите и начините за снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење и изградбата,одржувањето, заштитата и приклучувањето на водоводниот систем за водоснабдување, како и надзор над спроведување на оваа одлука.

**Член 2**

Општината Гази Баба е одговорна за законското користење и располагање со водоснабдителниот систем, како и за објектите, уредите и постројките кои што се во негов состав.

**Член 3**

Се предава на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Раштак, на давателот на услугата ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' , во понатамошниот текст - давател на услугата.

**Член 4**

Давателот на услугата врши:
- трајно и непрекинато снабдување со вода за пиење, со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем; и
- управување и одржување на водоснабдителниот систем.

**Член 5**

Давателот на услугите обезбедува:
- заштита и подобрување на водоснабдителниот систем и одржување и подобрување на неговото техничко-технолошко и економско единство;
- ефикасно, трајно, уредно и континуирано задоволување на потребите на корисниците на услугите со вода за пиење;
- обезбедување на квалитетот на водата за пиење, согласно законските нормативи и стандарди, и континуирано врши испитување на здравствената исправност;
- применување на принципите на покривање на реалните трошоци во работењето и пристапност/достапност на цената на услугата;
- усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
- функционална поврзаност со водостопанскиот систем на другите водоснабдителни системи, и
- заштита на потрошувачите

**Член 6**

Давателот на услугата, преку органите на управување, утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем.

**Член 7**

Согласност на висината на надоместокот за приклучување од член 6 на оваа одлука, дава основачот Општина Гази Баба.

**Член 8**

За се што не е регулирано со оваа одлука ќе се применуваат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/9**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/8**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Сл.весник на Р.М" бр 5/02), член 6 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Сл.весник на Р.М"бр.79/09), член 11 од Статутот на Општина Гази Баба ("Сл.весник на Р.М" бр.02/06), член 151 став 2 и член 158 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.весник на Р.М" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Се прифаќа иницијатвата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува, преку вршење на определени работи од страна на Општина Гази Баба, за потребите на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Видот на работите кои ќе бидат извршувани од страна на Општина Гази Баба, за потребите на Општина Кисела Вода, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето на вршење на работите, како и условите за престанок на соработката и други прашања, ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Гази Баба и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 4**

По стапување во сила на оваа одлука, истата да се достави до Општина Кисела Вода.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-2264/10**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Решението за именување на членови во заедничката Комисија за подготовка на Предлогот на Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода**

1. Се објавува Решението за именување на членови во заедничката Комисија за подготовка на Предлогот на Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/9**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Сл.весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови во заедничката**
**Комисија за подготовка на предлог - договорот**
**за водпоставување на меѓуопштинска соработка,**
**помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода**

1. За членови во заедничката комисија за подготовка на предлог договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина гази Баба и Општина Кисела Вода, од страна на оппштина Гази Баба се именуваат:

**Насе Ралев -** раководител на сектор за правни и општи работи;
**Александра Димитриевска Аврамовска -** советник - инспектор за животна средина; и
**Кираца Тутевска -** претседател на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на општина Гази Баба.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/11**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков -УБ 4, локалитет 2 -Скопје, со тех.број 07/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг -ЗУМ, под број 0301-26 од 22.01.2010 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков -УБ 4, локалитет 2 -Скопје, со тех.број 07/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг -ЗУМ, под број 0301-26 од 22.01.2010 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/10**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 151 став 2 и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ КРСТЕ МИСИРКОВ - УБ 4, ЛОКАЛИТЕТ 2 - СКОПЈЕ (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-4952/7 од 26.12.2006 година), со тех.број 07/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг - ЗУМ, под број 0301-26 од 22.01.2010 година**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба, ја усвојува исправката на техничката грешка во ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ КРСТЕ МИСИРКОВ - УБ 4, ЛОКАЛИТЕТ 2 - СКОПЈЕ (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-4952/7 од 26.12.2006 година), со тех.број 07/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг - ЗУМ, под број 0301-26 од 22.01.2010 година.

**Член 2**

Грешката се состои во изоставување на параметрите за градежната парцела 3.38 во табеларниот преглед.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам просторно планирање комунални работи и уредување на градежно земјиште, по влегување во сила на овој заклучок, да ги извести сите надлежни институции и органи за извршената исправка во деталниот урбанистички план.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на овој заклучок, исправката на грешката станува составен и неодвоив дел на деталниот урбанистички план, предмет на исправката.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/12**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП за населба Камник, со тех.број 08/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг -ЗУМ, под број 0301-27 од 22.01.2010 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП за населба Камник, со тех.број 08/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг -ЗУМ, под број 0301-27 од 22.01.2010 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/11**
**Од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 151 став 2 и член 153 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба, на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП ЗА НАСЕЛБА КАМНИК (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-1038/5 од 14.03.2006 година), со тех.број 08/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг - ЗУМ, под број 0301-27 од 22.01.2010 година**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба, ја усвојува исправката на техничката грешка во ДУП ЗА НАСЕЛБА КАМНИК (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-1038/5 од 14.03.2006 година), со тех.број 08/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг - ЗУМ, под број 0301-27 од 22.01.2010 година.

**Член 2**

Грешката се состои во непостоење на дефинирана градежна линија помеѓу градежна парцела 2 и градежна парцела 22 од урбан модул 7 од ДУП ЗА НАСЕЛБА КАМНИК (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-1038/5 од 14.03.2006 година).

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам просторно планирање комунални работи и уредување на градежно земјиште, по влегување во сила на овој заклучок, да ги извести сите надлежни институции и органи за извршената исправка во деталниот урбанистички план.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на овој заклучок, исправката на грешката станува составен и неодвоив дел на деталниот урбанистички план, предмет на исправката.

**Член 5**

Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/13**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за Спортско рекреативен центар -"ЖЕЛЕЗАРА"**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт на Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар - "ЖЕЛЕЗАРА", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/12**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 22 став 1, член 24 став 1 и 2 и член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 и 91/09), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба - Скопје ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 и 91/09), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06, 140/07, 12/09 и 93/09).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт Деталниот урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба - Скопје, е со површина од 15,04ха и е во рамките на следните граници:

Овој простор ограничен е од:

**- На Северо-исток:** осовина на планираната улица "1" и дел од осовина на ул."Коце Металец"
**- На Југо-исток:** осовина на ул. "16-та македонска бригада" и освина на ул."Кружна Гази Баба"
**- На Северо-Запад:** граница на парк шума "Гази Баба" согласно ГУП на гр. Скопје

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба -Скопје, со Тех.бр.2433/09 од 03.2010година изготвен од АД "ЗА УРБАН-ИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ- ЗУМ" -Скопје, содржи:

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**ВОВЕД**

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ,ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
1.1. МЕСТОПОЛОЖБА, ГРАНИЦА И ПОВРШИНА НА ЗАФАТ
1.2. ПОЛОЖБА НА ПРОСТОРОТ ВО ОДНОС НА ГРАДОТ - СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА
3.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ
4.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ МА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА СУПРАСТРУК-ТУРА
5.1. ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
5.2. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

5.3. ГРАДЕЖЕН ФОНД
5.4. ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА И СОСТОЈБА НА ОБЈЕКТИТЕ
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИИ
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
7.1. СООБРАЌАЈ
7.2. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
7.3. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ
8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ
9. АНАЛИЗА И СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
10. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
11. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ

**Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1.НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА
- ПОПИСНИ ЛИСТИ (Урбан дел 1-13)
- РЕКАПИТУЛАР ПО УРБАНИ ДЕЛОВИ
- ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ
- РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ ................................ М = 1 : 5000
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ............................... М = 1 : 1000
3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ ........ М = 1 : 1000
4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД
И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СТРУКТУРА ............................... М = 1 : 1000
5. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА .................................. М = 1 : 1000

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
2.1. ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ
4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР "ЖЕЛЕЗАРА"
5. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ
5.1. ПОДЕЛБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
5.2. ПАРЦЕЛАЦИЈА И РЕГУЛАЦИЈА
6. НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ
6.1 ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
6.2. ДОМУВАЊЕ
6.3. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
6.4. ИНФРАСТРУКТУРА
6.5. СООБРАЌАЈ
6.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
6.7. ЕНЕРГЕТИКА
6.7.1. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТИКА СО ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ
6.7.2. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА
6.7.3. ТОПЛОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА
6.7.4. ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
8. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
8.1. ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ТЕХНОЛОШКИ ХАВАРИИ
8.2. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОЖАР
8.3. СЕИЗМИЧКИ РИЗИК
8.4. ПОВРЕДЛИВОСТ ОД УРНАТИНИ
8.5. ТЕХНОЛОШКИ ХАВАРИИ

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ
10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

**Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ: ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
- НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УРБАНИ ДЕЛОВИ И ПАРЦЕЛИ
- БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
- СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ: ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ .................. 1 : 1000
РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН, ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ, ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО
2. СООБРАЌАЕН ПЛАН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ..................... 1 : 1000
3. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ................................ 1 : 1000
4. СИНТЕЗНО ПАНО ............................................ 1 : 1000

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за Спортско рекреативен центар "Железара" Општина Гази Баба - Скопје, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/14**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

| | |
|---|---|
| **Број 08-2673/13** | **Градоначалник,** |
| **Од 06.05.2010 год.** | **НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** |
| **С К О П Ј Е** | **Тони Трајковски, с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.61/04 и 96/04) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.04/06), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на ден 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување**
**на Одлуката за извршување на Буџетот**
**на Општина Гази Баба за 2010 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, број 07-5990/4 од 28.12.2009 год. ("Сл.гласник на Општина Гази Баба" бр.01/2010), во членот 9, по ставот 1, се додава нов став 2 кој гласи:

"Вредноста на бодот за исплата на платите на вработените кои имаат статус на државни службеници, се утврдува во висина на ''73,85".

Ставот 2 станува став 3.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе се применува од 01.04.2010 година.

**Број 07-2264/20**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност - Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност -Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/14**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 12 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 24 став 3 од Законот за полиција, постапувајќи по предлог - листата на кандидати за избор на командир, бр.143-22261/1 од 16.04.2010 година, предложена од министерот за внатрешни работи, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница, одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За избор на Командир на Полициска станица**
**од општа надлежност - ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

За командир на полициската станица од општа надлежност - ГАЗИ БАБА, се избира Томче Петрушев, со завршено високо образование - правен факултет и со работно искуство од 12 години.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/16**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за обезбедување на финансиски средства за обнова на стара и дотраена кровна конструкција на Храмот "СВ."Кирил и Методиј" - Свети Ѓорѓија во с.Сингелиќ**

1. Се објавува Одлуката за обезбедување на финансиски средства за обнова на стара и дотраена кровна конструкција на Храмот СВ."Кирил и Методиј" -Свети Ѓорѓија во с.Сингелиќ, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/15**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), а во врска со Барањето од Црковнот одбор од с.Сингелиќ - бр.03.Сл. од 31.03.2010 година, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесетта-та седница,одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За обезбедување на финансиски средства**
**за обнова на стара и дотраена кровна конструкција на Храмот**
**"Светите Кирил и Методиј - Свети Георгиј" во с.Сингелиќ**

**Член 1**

На барање на Црковниот Одбор од с.Сингелиќ бр.03.Сл.од 31.03.2010 година, да се обезбедат финансиски средства за обнова на старата и дотраена кровна конструкција на храмот "Светите Кирил и Методиј - Свети Георгиј".

**Член 2**

Вредноста на обезбедените финансиски средства изнесува 124.000,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, ќе се префрлат на сметка на економскиот оператор кој ќе ги извршува работите, по оглас за доделување на договор за јавна набавка - отворена постапка - бр.10/2009 за изградба, реконструкција и санација (градежно-занаетчиски работи и тековно инвестициони објекти на територија на Општина Гази Баба).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/17**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на пристапен пат до гробиштата Камник**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на пристапен пат до гробиштата Камник, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/16**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02), и член 30 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Р.М."бр.79/09), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница, одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на пристапен пат до гробиштата Камник**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Гази Баба го прифаќа предлогот за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Градот Скопје и со истата се уредува начинот, условите, финанасирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за изградба на пристапен пат до гробиштата Камник.

**Член 2**

Општина Гази Баба во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, во износ од 4.000.000.оо денари, а Град Скопје со финансиски средства од 12.000.000.00 денари, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2010 година, кои можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа одлука.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во ''Службен Гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-2264/18**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење јавни работи**

1. Се објавува Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење јавни работи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/17**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 и 62, став 1, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 6 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Сл.Весник на РМ" бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06 и 29/07), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни дејности

**Член 1**

Се ангажираат 50 (педесет) невработени лица за вршење на јавни работи за потребите на Општина Гази Баба, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Член 2**

Невработените лица се ангажираат за период од 01.05.2010 година до 30.09.2010 година.

**Член 3**

На секое од ангажираните лица ќе им се исплатува паричен надоместок за извршената работа, во вкупен износ од 9.000,00 денари преку трансакциска сметка.

**Член 4**

Со секое од ангажираните лица ќе се склучи посебен договор, со кој конкретно ќе се резултираат правата и обврските во врска со вршењето на јавните работи.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/19**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на Решението на Градоначалникот бр.08-2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр.07-1851/4 од 07.04.2010 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на Решението на Градоначалникот бр.08-2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр.07-1851/4 од 07.04.2010 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.04.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2673/18**
**од 06.05.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), одлучувајќи по решението на Градоначалникот бр.08-2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на одлуката за проширување на средствата на буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр.07-1851/4 од 07.04.2010 година, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница, одржана на 29.04.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на Решението на Градоначалникот бр.08-2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр. 07-1851/4 од 07.04.2010 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба**

**Член 1**

Се прифаќа Решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба бр.08-2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр.07-1851/4 од 07.04.2010 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Одлуката на Советот на Општина Гази Баба, од членот 1 со бр.07-1851/4 од 07.04.2010 година, се поништува.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2264/15**
**од 29.04.2010 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кирил Псалтиров с.р.**

# СОДРЖИНА


ОДЛУКА за донесување на Стратегија за управување со ризици .......... 2

ЗАКЛУЧОК за усвојување на извештајот за реализација на програмата за тековно одржување на училиштата во Општина Гази Баба .......... 4

РЕШЕНИЕ за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈКП ''Гази Баба–2007'', усвоена со Одлука на управниот одбор, под број 02–46/3 од 31.03.2010 година .......... 6

РЕШЕНИЕ за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУДГ ''Детска радост'' Општина Гази Баба – Скопје .......... 8

ОДЛУКА за изменување и дополнување на одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба .......... 10

ОДЛУКА за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Булачани .......... 12

ОДЛУКА за предавање на користење, употреба и одржување на новоизградениот водоводен систем за водоснабдување за населеното место Раштак .......... 15

ОДЛУКА за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода 18

РЕШЕНИЕ за именување на членови во заедничката Комисија за подготовка на предлог – договорот за водпоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода .......... 20

ЗАКЛУЧОК за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ КРСТЕ МИСИРКОВ – УБ 4, ЛОКАЛИТЕТ 2 – СКОПЈЕ (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07–4952/7 од 26.12.2006 година), со тех.број 07/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг – ЗУМ, под број 0301–26 од 22.01.2010 година .......... 22

ЗАКЛУЧОК за усвојување на исправка на техничка грешка во ДУП ЗА НАСЕЛБА КАМНИК (донесен со одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07–1038/5 од 14.03.2006 година), со тех.број 08/10 изготвена од АД за урбанизам, проектирање и инжењеринг – ЗУМ, под број 0301–27 од 22.01.2010 година .......... 24

ОДЛУКА за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар „Железара„ Општина Гази Баба –Скопје .......... 26

ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година .......... 30

ОДЛУКА за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност – ГАЗИ БАБА .......... 32

ОДЛУКА за обезбедување на финансиски средства за обнова на стара и дотраена кровна конструкција на Храмот „Светите Кирил и Методиј – Свети Георгиј„ во с.Сингелиќ .......... 34

ОДЛУКА за воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на пристапен пат до гробиштата Камник .......... 36

ОДЛУКА за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни дејности .......... 38

ОДЛУКА за прифаќање на Решението на Градоначалникот бр.08–2063/2 од 09.04.2010 година, за запирање на објавување на одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, бр. 07–1851/4 од 07.04.2010 година, донесена од Советот на Општина Гази Баба .......... 40



"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци